ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 7/23



03.03.2023 година

# Р Е Ф Е Р А Т

**за избор во наставно – стручно звање лектор по англиски јазик на Факултет за економски науки во состав на Европски универзитет Скопје**

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Вечер“ на ден 19.09.2022 година, за избор во наставно – стручно звање лектор по англиски јазик на Факултет за економски науки, наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки во состав на Европски универзитет Скопје, на 317-та седница одржана на ден 23.02.2023 година, донесе Одлука бр. 02-207/1 за формирање Рецензентска комисија во состав:

- доц. д-р Елена Ончевска Агер - претседател;
- доц. д-р Арафат Усеини - член;
- проф. д-р Весна Матијашевиќ – Покупец - член.

По направената анализа на доставените документи Рецензентската комисија има чест и задоволство до наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки во состав на Европски универзитет Скопје да го поднесе следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

По објавениот конкурс за избор во наставно – стручно звање лектор по англиски јазик на Факултет за економски науки, во предвидениот рок се пријави само кандидат м-р Марија Драговиќ.

Врз основа на доставената Пријава бр. 03-959/1 од 23.09.2022 година и приложените документи: Професионална биографија – CV, Уверение за завршен I циклус студии, Уверение за завршен II циклус студии, Диплома за стекнат степен/назив магистер во соодветната област, Уверение за државјанство и Доказ за наставно и практично искуство, Рецензионата комисија го констатира следното:

1. **Биографски податоци**

М-р Марија Драговиќ е родена на 3.4.1981 година во Скопје, каде што завршува основно и средно образование. Како насока во средното медицинско училиште „Д-р Панче Караѓозов“ го избира отсекот забни техничари и своето школување го завршува со одличен успех.

Веднаш по завршувањето на средното образование, кандидатката го продолжува своето образование во Романија каде по едногодишно изучување на романскиот јазик и култура, се запишува на Филолошкиот факултет при универзитетот „Овидиус“ во Констанца, Романија и тоа на катедрата за англиски јазик и италијански јазик. Откако успешно и навремено го завршува факултетот, ја прифаќа понудата за привремено живеење и работа во Лондон, Велика Британија, каде посетува повеќе курсеви за усовршување на англискиот јазик и изучување на британската култура. Истовремено, работи како преведувач за потребите на македонската амбасада како и романскиот културен центар во Лондон. Своето теоретско знаење и практично искуство кандидатката продолжува да го надградува во Кембриџ, каде во 2006 година запишува

втор циклус на магистерски студии на универзитетот „Англија Раскин" во рамките на Кембриџ теолошката федерација.

По завршувањето на магистерските студии, во февруари 2009 година кандидатката се вработува на Европски универзитет Скопје и е избрана во наставно-стручно звање лектор по англиски јазик на Факултетот за економски науки.

2. **Наставна и научна дејност**

Од 2009 година, па се до денес кандидатката м-р Марија Драговиќ извршува наставно-научна дејност на повеќе факултети при Европски универзитет Скопје. Редовно е ангажирана на Факултетот за дентална медицина и високата школа за забни техничари каде предава англиски јазик за потребите на студентите по стоматологија. Истовремено, ја спроведува наставата по англиски јазик и на Факултетот за информатика како и на Факултетот за детективи и криминалистика со програма специфично насочена кон тематиката што се обработува на овие наставни единици. На Факултетот за економски науки, каде предава деловен англиски јазик, се осврнува на усовршување на деловната писмена комуникација. Нејзиниот интерес е насочен кон истражување ефикасни наставни методи за комбинирање на практично и теоретско изучување на стручните вокабулари потпомогнато од непосредната соработка со наставниот кадар на факултетите на кои предава.

Покрај редовните ангажмани, кандидатката е вклучена во подготвителните програми за јазична обука на странски студенти кои се подготвуваат за следење настава на англиски јазик на сите единици во состав на Европски универзитет Скопје.

Кандидатката има учествувано на повеќе универзитетски и меѓународни проекти и работилници организирани од страна на Европски универзитет Скопје, како и обуки за професионален и технолошки развој.

Како лектор, таа е постојан член на уредничкиот одбор на *Меѓународното списание за наука и уметност ИДЕЈА* кое го издава Универзитетот. Преведувач е на повеќе научни трудови и автор на трудови објавени во списанието ИДЕЈА со наслов: *"Teaching Business English in Higher Education Context" и "Digital Citizenship and Foreign Language Education"*.

Учесник е на повеќе работилници во рамките на програмата на Европскиот центар за современи јазици при Советот на Европа. Овој проект е уникатна иницијатива за развој на дигитално граѓанство преку јазично образование и ја следи насоката на проектот „Образование за дигитално граѓанство" на Советот на Европа за развој на конкретни активности во програмата на повеќе училишни предмети. Во периодот од 2021-2022 година зема учество во интернационалините работилници организирани во Грац, Австрија: *„Дигитално граѓанство преку јазично образование"* како и тинк тенк работилницата насловена *„Трансверзалните способности во изучувањето на странски јазик"*.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изложената анализа на биографијата, професионалниот развој и резултатите на стручната, научната и научно-истражувачката работа на кандидатот м-р Марија Драговиќ, се гледа исклучително плоден наставен, научно - стручен и педагошки развој на кандидатот.

Врз основа на досегашните научни, стручни и педагошки резултати, Рецензентската комисија има особено задоволство и чест да му предложи на Наставно - научниот совет на Факултетот за економски науки, да ја избере м-р Марија Драговиќ во наставно-стручно звање **Лектор по англиски јазик**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Доц. д-р Елена Ончевска Агер, претседател

   ________________________________

2. Доц. д-р Арафат Усеини, член

   ________________________________

3. Проф. д-р Весна Матијашевиќ – Покупец, член

   ________________________________